**20230881624**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 36 став (2) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 155/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), а во врска со членовите 10 и 11 од Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиска помош на Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош (ИПА III) ратификувана со Законот за ратификација на Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиска помош на Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош (ИПА III) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 235/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 април 2023 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СТРУКТУРИТЕ И ОРГАНИТЕ И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НИВНИТЕ МЕЃУСЕБНИ ОДНОСИ ЗА ИНДИРЕКТНО УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКАТА ПОМОШ ВО РАМКИТЕ НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА III)

Член 1
**Предмет**

Со оваа уредба се воспоставуваат структурите и органите и се утврдуваат нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА III) (во натамошниот текст: ИПА III).

Член 2
**Дефиниции**

Одделни изрази употребени во оваа уредба го имаат следното значење:

1. „Индиректно управување" е метод на управување со кој Европската комисија доверува задачи за спроведување на буџетот на одредени годишни и/или повеќегодишни програми и/или мерки на структурите и органите за индиректно управување воспоставени во Република Северна Македонија преку склучување на спогодби за финансирање.
2. „Систем(и) за управување и контрола" е рамка за институционалната и организациската поставеност на структурите и органите воспоставени во рамките на субјектите во јавниот сектор, како и нивните севкупни процеси и постапки за индиректно управување и спроведување на помошта од ИПА III.
3. „Систем за внатрешна контрола со ИПА III помошта" е систем составен од Управувачката структура, Телата за управување, Телото за посредување во финансиското управување, Телата за посредување во управувањето со политиките, Телото за управување со ИПАРД и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

4. „Субјекти од јавниот сектор“ се корисниците на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, фондовите, општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, агенциите и другите институции основани со закон, јавните претпријатија, јавните установи и другите правни лица кои се во државна сопственост или во кои државата е акционер.

5. „Тематски приоритети“ се главните области на соработка опфатени со активностите финансирани во рамките на ИПА III кои треба да ја поддржат Република Северна Македонија во усвојувањето и спроведувањето на политичките, институционалните, правните, административните, социјалните и економските реформи потребни за усогласување со вредностите на Европската Унија и усогласување со правилата, стандардите, политиките и практиките на Унијата („acquis“) во однос на идното членство во Унијата.

6. „Рамковната спогодба за финансиско партнерство“ е спогодба помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиска помош од Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош (ИПА III), со која се утврдуваат правилата и условите за финансиска соработка помеѓу Европската комисија и Владата на Република Северна Македонија.

7. „Програма“ е годишен или повеќегодишен акциски план или мерка усвоени од Европската комисија за спроведување на финансиската помош од ИПА III за Република Северна Македонија со која се утврдуваат целите, очекуваните резултати, главните активности, методите за спроведување, буџетот и методите за следење на успешноста на спроведувањето на програмата.

8. „Секторска спогодба“ е спогодба склучена помеѓу Европската комисија и Владата на Република Северна Македонија со која се утврдуваат и дополнително се уредуваат програмите за рурален развој.

9. „Спогодба за финансирање“ е годишна или повеќегодишна спогодба склучена помеѓу Европската комисија и Владата на Република Северна Македонија за спроведување на финансиската помош од ИПА III за Република Северна Македонија.

10. „Прирачник за внатрешни постапки за работа“ е збир на правила и процедури со кои се дефинираат постапките и начинот на работа, системот за внатрешната контрола, начинот на комуникација и известување, улогите, одговорностите и односите меѓу структурите и органите воспоставени за индиректно управување со ИПА III во Република Северна Македонија, заради усогласување со барањата утврдени во Рамковната спогодба за финансиско партнерство, Секторската спогодба и спогодбите за финансирање.

11. „Примател на ИПА III помош“ е корисник на грант (вклучувајќи твининг изведувач), изведувач во рамки на договор за услуги, опрема или градежни работи или договорна страна на договор за придонес во рамките на индиректно управување или физичко или правно лице кое е примател на финансиска помош од ИПА III.

12. „Голем проект“ е проект кој се состои од серија работи, активности или услуги, кој сам по себе е наменет за постигнување на јасни и неделиви задачи од конкретна економска или техничка природа, кој има јасно определени цели и чија севкупна вредност ја надминува онаа наведена во соодветната секторска или рамковна спогодба.

13. „АФКОС“ е Одделението за координација на борба против измама на ЕУ средствата воспоставено во рамките на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средства при Министерството за финансии.

14. „ОЛАФ“ е Европска канцеларија за борба против измами во рамките на Европската комисија која истражува измами против буџетот на Европската Унија, корупција и сериозни девијантни појави во европските институции и развива политики за борба против измами на Европската комисија.

15. „Период на одржливост“ е периодот од пет години почнувајќи од првичното прифаќање на средствата. Доколку средствата поради амортизација согласно годишните стапки за отпис дефинирани во Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници имаат пократок корисен век на употреба од пет години, тогаш периодот на одржливост за тие средства е еднаков на корисниот век на употреба на средството.

Доколку моментот на затворање на соодветната ИПА III програма настане пред истекот на рокот од пет години, односно периодот на амортизација, тогаш периодот на одржливост завршува со затворањето на таа соодветна програма.

16. „Првично прифаќање“ е моментот кога опремата е испорачана/градежните работи се завршени во согласност со одредбите од договорот, успешно се завршени сите потребни тестови и Сертификатот за првично прифаќање е потпишан од страна на Телото за посредување во финансиско управување или надзорниот орган или Сертификатот за примопредавање на градежните работи е издаден од надзорниот орган.

17. „Финансиска година“ е периодот од 1 јануари до 31 декември во една дадена година.

Член 3
**Структури и органи за индиректно управување со ИПА III финансиската помош**

(1) За целите на управување и спроведување на финансиската помош обезбедена преку ИПА III, се воспоставуваат следните структури и органи за индиректно управување:

а) Национален ИПА координатор (во натамошниот текст: НИПАК);

б) Национален службеник за авторизација (во натамошниот текст: НАО);

в) Управувачка структура, воспоставена од НАО, составена од Канцеларија за поддршка на НАО и Сметководствено тело;

г) Тела за управување;

д) Тело за посредување во финансиското управување;

ѓ) Тела за посредување во управувањето со политики.

(2) За ИПА III Програмата за рурален развој (во натамошниот текст: ИПАРД III програмата), структурата од став (1) точка г) на овој член е Телото за управување со ИПАРД, додека структурата од став (1) точка д) на овој член е Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: ИПАРД Агенцијата).

(3) Ревизијата на ИПА III помошта ја врши Ревизорското тело за ИПА, согласно Законот за ревизија на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) како функционално и финансиски независно тело од структурите и органите од ставовите (1) и (2) на овој член.

Член 4
**Национален ИПА координатор (НИПАК)**

(1) Националниот ИПА координатор (НИПАК) од член 3 став (1) точка а) од оваа уредба, е висок владин претставник назначен од Владата на Република Северна Македонија во согласност со Рамковната спогодба за финансиско партнерство.

(2) НИПАК ги извршува функциите и одговорностите согласно Рамковната спогодба за финансиско партнерство, секторските спогодби и спогодбите за финансирање.

(3) НИПАК во рамките на своите функции и одговорности ги врши следните работи:

- обезбедува поврзаност помеѓу користењето на помошта од ИПА (вклучувајќи ја и ИПА III финансиската помош) и процесот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија;
- го координира процесот на програмирање на ИПА III помошта меѓу субјектите во јавниот сектор и обезбедува соработка со Европската комисија за време на подготовката на стратешкиот одговор и програмските документи во однос на тематските приоритети и во согласност со процесот дефиниран во програмската рамка за ИПА III и ги доставува стратешкиот одговор и програмските документи до Европската комисија, според временската рамка за програмирање договорена со Европската комисија;
- го координира процесот на програмирање на ИПА III помошта со други донатори;
- го координира учеството во програмите за прекугранична соработка, Транснационалната програма и програмите за меѓу-регионална соработка;
- следи дали субјектите во јавниот сектор кои користат ИПА III помош преземаат чекори за олеснување на спроведувањето на програмите;
- ги координира измените на програмите, освен за ИПАРД III програмата;
- ги доставува апликациите за големи проекти избрани и подготвени од страна на Телото за управување во соработка со Телата за посредување во управувањето со политики или крајниот корисник(ци) до Европската комисија заради нивна оценка;
- обезбедува соработка со економските, социјалните партнери и партнерите за заштита на животната средина, граѓанските организации и локалните власти и пристап до релевантните информации поврзани со ИПА III помошта;
- ги координира мерките за обезбедување поголема искористеност на расположливите ИПА фондови и со тоа постигнување на целите поставени со ИПА III програмите;
- го следи спроведувањето на ИПА III помошта и обезбедува дека секторските комитети за следење се воспоставени, функционираат и во нивната работа учествуваат сите засегнати страни;
- ги подготвува годишните и финалните извештаи за спроведување и ги доставува до Европската комисија;
- обезбедува известување до Европската комисија согласно барањата во Рамковната спогодба за финансиско партнерство, Секторската спогодба и спогодбите за финансирање;
- обезбедува оценка на ИПА III програмите и подготовка на план за оценка;
- ги координира стратешките активности за комуникација и транспарентност на програмите и акциите финансирани преку ИПА III помошта во Република Северна Македонија;
- ја следи одржливоста на проектите финансирани од ИПА III и се координира со НАО во однос на преземањето на соодветни мерки.

(4) Покрај работите од став (2) на овој член, НИПАК ги врши и следните работи:

- презема мерки за борба против измама и навремено го известува НАО за откриените неправилности;
- обезбедува внатрешна ревизија во рамките на Секретаријатот на НИПАК;
- обезбедува дека Секретаријатот на НИПАК целосно ги почитува и спроведува одредбите од договорите од член 18 од оваа уредба и Прирачниците за внатрешни постапки за работа од член 19 од оваа уредба;
- следи дали Секретаријатот на НИПАК континуирано ги исполнува барањата од член 6 став (1) од оваа уредба и го известува НАО за промените во воспоставениот систем за внатрешна контрола;
- поднесува до НАО Годишна изјава за управување и контролна листа за самопроценка најдоцна, до 20 јануари секоја година;

- редовно го известува НАО согласно договорите од член 18 од оваа уредба и прирачниците за внатрешни постапки за работа од член 19 од оваа уредба.

(5) Секторот за координација на ЕУ фондови и друга странска помош при Секретаријатот за европски прашања ги врши работите на Секретаријат на НИПАК.

(6) Раководителот на Секторот за координација на ЕУ фондови и друга странска помош ги врши работите на раководител на Секретаријатот на НИПАК.

(7) Раководителот на Секретаријатот на НИПАК ја организира и координира работата на Секретаријатот на НИПАК за да обезбеди ефективна и ефикасна координација на ИПА III помошта. Раководителот на Секретаријатот на НИПАК е одговорен за навремено, законито и соодветно извршување на задачите, пред тие да бидат одобрени од НИПАК.

(8) Во случај на отсуство или спреченост од работа на НИПАК, одредена конкретна работна задача која не е во исклучителна надлежност на НИПАК, може да ја изврши раководителот на Секретаријатот на НИПАК, по претходно конкретно овластување од НИПАК, притоа НИПАК ја задржува крајната одговорност.

(9) Секретаријатот на НИПАК е одговорен за координирање на активностите за обуки за зајакнување на капацитетите на структурите и органите, наведени во член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба, како и за подготовка на План за обука за зајакнување на структурите и органите наведени во член 3 став (1) од оваа уредба.

Член 5

**Национален координатор за авторизација (НАО)**

(1) Националниот координатор за авторизација (НАО) од член 3 став (1) точка б) од оваа уредба, е раководен административен службеник од Министерството за финансии, назначен од Владата на Република Северна Македонија за индиректно управување и спроведување на финансиската помош обезбедена преку ИПА III програмите.

(2) НАО ги извршува функциите и одговорностите утврдени во Рамковната спогодба за финансиско партнерство, секторската спогодба и спогодбите за финансирање.

(3) Во согласност со одредбите во договорите од член 18 од оваа уредба и прирачниците за внатрешни постапки за работа од член 19 од оваа уредба, за извршување на своите функции, НАО добива информации и врши административни проверки и проверки на лице место во структурите, наведени во член 3 став (1) точки г), д) и ѓ) и став (2) од оваа уредба.

(4) Во извршување на своите функции, НАО е поддржан од Управувачката структура од член 7 од оваа уредба.

(5) Во случај на отсуство или спреченост од работа на НАО, одредена конкретна работна задача која не е во исклучителна надлежност на НАО, може да ја врши административен државен службеник, по претходно конкретно овластување од страна на министерот за финансии, притоа НАО ја задржува крајната одговорност.

Член 6

**Исполнување на барањата за ефективна и ефикасна внатрешна контролна рамка**

(1) Структурите и органите за индиректно управување со ИПА III од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба, треба да ги исполнуваат барањата за ефективна и ефикасна внатрешна контролна рамка во следните области:

а) контролна средина;

б) управување со ризици;

в) контролни активности;

г) информација и комуникација
д) активности за следење.

(2) НАО, по доделување на правото за имплементација на буџетот од страна на Европската комисија, е одговорен за континуирано следење на исполнувањето на барањата од став (1) на овој член. НАО во извршувањето на оваа одговорност е поддржан од страна на Канцеларијата за поддршка на НАО.

(3) Во случај на непочитување и неисполнување на барањата од став (1) на овој член, од страна на структурите и органите од член 3 од оваа уредба, НАО ги известува НИПАК и раководителите на структурите и органите од член 3 став (1), став (2) од оваа уредба и дава препораки за преземање корективни мерки.

(4) Во случај раководителите на структурите и органите од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба да не ги исполнат препорачаните мерки, НАО го известува раководното лице на органот во чии рамки се воспоставени структурите. Доколку и покрај тоа препорачаните мерки останат неспроведени, НАО за тоа ја известува Владата на Република Северна Македонија и дава препораки за надминување на слабостите.

(5) Во случај на непочитување или неисполнување на барањата од став (1) на овој член, НАО треба да ја извести Европската комисија без одлагање, и да достави копија од известувањето до НИПАК и Ревизорското тело за ИПА и е одговорен да преземе соодветни заштитни мерки во однос на извршените плаќања или потпишаните договори, при што НАО може да ги суспендира плаќањата додека не бидат исполнети барањата од ставот (1) на овој член.

(6) При извршувањето на своите задачи, со поддршка на Канцеларијата за поддршка на НАО, НАО може да врши проверки, односно верификациски посети во Телата за управување, Телото за посредување во финансиско управување и Телата за посредување во управување на политики, Тело за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата, како и на лице место на спроведување на активностите од договорот.

(7) Во случаи кога дел од Спогодбата за финансирање е суспендиран или прекинат за финансирање од страна на Европската комисија поради непочитување на барањата од став (1) на овој член, НАО во координација со структурите и органите од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба, донесува акциски план со корективни мерки за надминување на слабостите во системот за внатрешна контрола, согласно насоките на Европската комисија и го следи нивното исполнување од структурите и органите од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба.

(8) Структурите и органите од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба треба да ги исполнат мерките предвидени во Акцискиот план од ставот (7) на овој член, согласно утврдените рокови и за истото да го известат НАО.

Член 7
**Управувачка структура**

(1) Секторот за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА во рамките на Министерството за финансии ги врши работите на Управувачка структура за ИПА III од член 3 став (1) точка в) од оваа уредба.

(2) Управувачката структура ги врши функциите и одговорностите утврдени во Рамковната спогодба за финансиско партнерство, Секторската спогодба и спогодбите за финансирање и е одговорна пред НАО.

(3) Одделението за Национален фонд во рамки на Секторот за управување со средствата од инструментот за пред-пристапна помош - ИПА ги врши работите на Сметководствено тело за ИПА III.

(4) Одделението за поддршка на НАО во рамки на Секторот за управување со средствата од инструментот за пред-пристапна помош - ИПА дава поддршка на НАО во исполнувањето на одговорностите за ефективно и ефикасно функционирање на системите за управување и контрола на ИПА III.

(5) Одделението за поддршка на НАО во областа на земјоделството и руралниот развој во рамки на Секторот за управување со средствата од инструментот за пред-пристапна помош - ИПА дава поддршка на НАО во исполнувањето на неговите одговорности за ефективно функционирање на системите за управување и контрола поврзани со имплементација на ИПАРД III секторската програма.

(6) Одделението за поддршка на НАО и Одделението за поддршка на НАО во областа на земјоделството и руралниот развој во рамки на Секторот за управување со средствата од инструментот за пред-пристапна помош - ИПА, заедно ги вршат работите на Канцеларија за поддршка на НАО.

(7) Задачите и одговорностите на Сметководственото тело за ИПА III и Канцеларијата за поддршка на НАО се одвоени.

(8) Сметководственото тело за ИПА III ги врши работите од Рамковната спогодба за финансиско партнерство, и тоа особено:

- дава поддршка во извршувањето на работите на НАО во врска со управувањето со сметките, финансиското управување и финансиските активности во рамките на ИПА III програмите;
- обезбедува сметководствен систем заснован на пресметковна основа за евидентирање и чување, во електронска форма, на точна, целосна и соодветна сметководствена евиденција за секоја ИПА III програма;
- обезбедува финансиско известување до Европската комисија за секоја ИПА III програма којашто се спроведува преку индиректно управување со ИПА III помошта.

(9) Канцеларијата за поддршка на НАО ги врши работите од Рамковната спогодба за финансиско партнерство, а особено врши работи за обезбедување поддршка на НАО да:

- го воспостави и следи функционирањето на системот за управување и контрола на ИПА III помошта која се спроведува преку индиректно управување;
- редовно собира информации од структурите и органите, наведени во член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба за да се обезбеди исполнување на барањата од член 6 став (1) од оваа уредба;
- спроведува верификациски посети преку кои НАО ја потврдува законитоста и регуларноста на ИПА III трансакциите и ефективното и ефикасното функционирање на системот за внатрешна контрола воспоставена за спроведување на ИПА III помошта;
- известува до Европската комисија за функционирањето на системот за управување и контрола, како и за статусот на акциските планови и постапувањето по ревизорските извештаи од Ревизорското тело, внатрешната ревизија и Европската комисија, и по однос на тоа учествува во изготвувањето на годишните и финалните извештаи за спроведување и извештаите до Телата за управување од член 3 од оваа уредба кога известуваат до секторските комитети за следење;
- изготви Годишна изјава за управување и извештај за самопроценка за секоја ИПА III програма и да ја достави до Европската комисија до 15 февруари секоја година и да достави копија до НИПАК и Ревизорското тело.

(10) Раководителот на Управувачката структура го организира и координира Сметководственото тело и Канцеларијата за поддршка на НАО за да се обезбеди усогласеност, интегритет, ефективност и ефикасност на системот за управување, контрола и финансиско управување. Раководителот на Управувачката структура е одговорен за навремено, законско и соодветно извршување на работите, пред тие да бидат одобрени од НАО.

(11) Управувачката структура треба да ги почитува и спроведува одредбите од договорите од член 18 од оваа уредба и прирачниците за внатрешни постапки за работа од член 19 од оваа уредба.

Член 8
**Тела за управување**

(1) Телата за управување од член 3 став (1) точка г) од оваа уредба, се структури воспоставени во рамките на субјектите во јавниот сектор за спроведување на програмите финансирани во рамките на ИПА III помошта преку индиректно управување.

(2) Секторот за имплементација на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирање ги врши работите на Тело за управување за програмите за животна средина кои се спроведуваат преку индиректно управување со ИПА III.

(3) Сектор за инструментот за претпристапна помош од ЕУ (ИПА) во рамки на Министерството за транспорт и врски ги врши работите на Тело за управување за програмите за транспорт кои се спроведуваат преку индиректно управување со ИПА III.

(4) Телото за управување ги врши функциите и одговорностите од Рамковната спогодба за финансиско партнерство и Спогодбите за финансирање.

(5) Телото за управување обезбедува подготовка, спроведување, транспарентност, следење, известување и оценување на програмата (ите), а особено ги врши следните работи:

- ги подготвува програмата(ите) и нејзините измени, со поддршка од Телата за посредување во управувањето со политиките и ги доставува до НИПАК;
- ги избира и во соработка со Телото за посредување во управувањето со политиките ги подготвува обрасците за идентификација на проекти и големите проекти, обезбедувајќи дека истите се во согласност со условите за подобност и финансиската распределба утврдена во соодветната програма;
- го координира спроведувањето на ИПА III програмите и проектите во техничка и оперативна смисла преку проверка и одобрување на проектните, односно тендерските документи подготвени од Телото за посредување во управувањето со политики или крајниот корисник(ци), како и на резултатите, односно активностите од проектите за време на нивното спроведување, откако тие се проверени и одобрени од Телата за посредување во управувањето со политики односно крајните корисници;
- воспоставува секторски комитети за следење и одржува редовни состаноци;
- го следи спроведувањето на ИПА III програмите во однос на исполнувањето на целите на програмите и го информира Секторскиот комитет за следење (во натамошниот текст: СКС), од член 15 став (4) од оваа уредба, за статусот на спроведувањето на програмите;
- воспоставува систем за известување, ги информира НИПАК, НАО или Ревизорското тело, изготвува годишни и финални извештаи за спроведување и ги доставува до НИПАК, по нивното разгледување од страна на СКС;
- презема мерки за борба против измама и го известува НАО за откриените неправилности;
- доставува до НАО Годишна изјава за управување и извештај за самопроценка, најдоцна до 20 јануари секоја година;
- ги известува НАО и НИПАК согласно договорите од член 18 од оваа уредба и прирачниците за внатрешни постапки за работа од член 19 од оваа уредба;
- следи дали Телото за посредување во финансиско управување и Телата за посредување во управување на политики од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба континуирано ги исполнуваат барањата од член 6 став (1) од оваа уредба и го известува НАО за промените во воспоставениот систем за внатрешна контрола;

- обезбедува усогласеност со барањата за информации, јавност, транспарентност и комуникација на Европската комисија.

(6) Телото за управување може да делегира дел од своите задачи од ставот (5) на овој член на Телата за посредување во управување со политики од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба, преку склучување на договори од член 18 од оваа уредба и прирачниците за внатрешни постапки за работа од член 19 од оваа уредба, притоа обезбедува надзор над работата на Телата за посредување во управување со политики.

(7) Телото за посредување во финансиското управување од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба е самостојно во однос на Телото за управување во носењето на финансиски одлуки во рамките на програмата.

(8) Телото за управување е одговорно да обезбеди одржливост на програмите кои се спроведуваат преку индиректно управување со ИПА III помошта, согласно Рамковната спогодба за финансиско партнерство и член 21 од оваа уредба и доставува извештај за одржливост до НИПАК и НАО.

(9) Телото за управување треба да ги почитува договорите од член 18 од оваа уредба и прирачниците за внатрешни постапки за работа од член 19 од оваа уредба.

10) Со Телата за управување раководат раководителите на секторите од ставовите (2) и (3) од овој член. Раководителот на Телото за управување особено е одговорен:

- да обезбеди исполнување на обврските од ставовите (5), (6), (7), (8), (9) и (10) на овој член;

- да обезбеди дека Телото за управување континуирано ги исполнува барањата од член 6 став (1) од оваа уредба и го известува НАО за промените во воспоставениот систем за внатрешна контрола;

- за следење на спроведувањето на плановите за набавки воспоставени и договорени помеѓу Телото за управување и Телото за посредување во финансиското управување од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба во договорената временска рамка и за следење на спроведувањето на проектите финансирани во рамките на програмата(ите);

- да обезбеди преземање на корективни мерки од страна на Телото за посредување во финансиско управување и Телата за посредување во управување со политики доколку не се исполнети барањата од член 6 став (1) од оваа уредба;

- за претседавање со Секторскиот комитет за следење формиран за секторот или програмата за која е надлежен.

Член 9

**Телото за управување со ИПАРД**

(1) Секторот за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД) во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги врши работите на Тело за управување со ИПАРД од член 3 став (1) точка г) од оваа уредба.

(2) Телото за управување со ИПАРД е одговорно за управување со ИПАРД III програмата и ги врши функциите и одговорностите од Рамковната спогодба за финансиско партнерство, Секторската спогодба и Спогодбата за финансирање.

(3) Телото за управување со ИПАРД избира мерки кои се финансираат со ИПАРД III Програмата и е одговорно за транспарентност, следење, известување и проценка (евалуација) на програмата. Телото за управување со ИПАРД особено ги врши следните работи:

- ја подготвува ИПАРД III Програмата и нејзините измени, во соработка со ИПАРД Агенцијата од член 12 од оваа уредба;

- ја доставува ИПАРД III Програмата и измените до Европската комисија и доставува копија до НИПАК;
- ги подготвува годишните и финалните извештаи за спроведување на ИПАРД III програмата и по нивно одобрување од страна на Секторскиот комитет за следење на ИПАРД ги доставува до НИПАК за поднесување до Европската комисија со копии до НАО и Ревизорското тело;
- соработува со ИПАРД Агенцијата при изборот на мерки кои се финансираат со ИПАРД III Програмата, распределување на буџетот по мерките, утврдување на условите за подобност и времето на објавување на повиците за аплицирање во рамките на ИПАРД III Програмата;
- воспоставува систем за следење и известување на спроведувањето на ИПАРД III програмата преку прибирање на финансиски и статистички информации за напредокот на ИПАРД III Програмата;
- ги подготвува и управува со активностите што се финансираат во рамките на техничката помош од ИПАРД III програмата;
- обезбедува проценка (евалуација) на ИПАРД III Програмата;
- презема мерки за борба против измама и известува до НАО за откриени неправилности;
- доставува до НАО Годишна изјава за управување и извештај за самопроценка, најдоцна до 15 јануари секоја година;
- подготвува план за транспарентност и комуникација за информирање на јавноста за ИПАРД III Програмата и нејзините резултати.

(4) Телото за управување со ИПАРД треба да ги почитува договорите од член 18 од оваа уредба и прирачниците за внатрешни постапки за работа од член 19 од оваа уредба.

(5) Со Телото за управување со ИПАРД раководи раководител на Телото за управување со ИПАРД, назначен од Владата на Република Северна Македонија. Раководителот на Телото за управување со ИПАРД особено е одговорен да:
- обезбеди исполнување на обврските од ставовите (3) и (4) од овој член;
- обезбеди континуирано исполнување на барањата од член 6 став (1) од оваа уредба и го известува НАО за промените во воспоставениот систем за внатрешна контрола;
- доставува до НАО Годишна изјава за управување и извештај за самопроценка, најдоцна до 15 јануари секоја година;
- го информира НАО согласно договорите од член 18 од оваа уредба и Прирачниците за внатрешни постапки за работа од член 19 од оваа уредба;
- воспоставува систем за следење и известување, го информира НИПАК, НАО или Ревизорското тело, изготвува годишни и финални извештаи за спроведување и ги доставува до НИПАК, по нивно разгледување од страна на Секторскиот комитет за следење на ИПАРД;
- воспоставува Секторскиот комитет за следење на ИПАРД и одржува редовни состаноци;
- обезбедува усогласеност со барањата за информации, јавност, транспарентност и комуникација на Европската комисија.

Член 10

**Тело за посредување во финансиското управување**

(1) Телото за посредување во финансиското управување е структура во рамките на субјектите во јавниот сектор која ги спроведува задачите за финансиско управување за ИПА III програмите индиректно управувани во областа на транспортот и животната средина.

(2) Секторот за централно финансирање и склучување договори во рамките на Министерството за финансии ги врши работите на Тело за посредување во финансиското управување од член 3 став (1) точка д) од оваа уредба, за ИПА III програмите индиректно управувани во областа на транспортот и животната средина.

(3) Телото за посредување во финансиското управување самостојно донесува финансиски одлуки при спроведување на задачите за финансиско управување за ИПА III програмите и извршува функции и одговорности утврдени во Рамковната спогодба за финансиско партнерство и спогодбите за финансирање. Телото за посредување во финансиското управување особено ги врши следните работи:

- организира тендерски постапки поврзани со постапките за набавка и доделување на грантови, како и потпишува договори и/или анекси на потпишаните договори со избраните приматели на ИПА III, во согласност со правната рамка на Европската Унија и Упатството на Европската комисија за спроведување на нејзините надворешни активности, кое што е во сила во моментот на започнување на предметната постапка;
- подготвува (во соработка со Телата за управување), планови за набавки и склучување на договори и финансиски проекции за секоја ИПА III програма и ги доставува до НАО во роковите пропишани во договорите од член 18 од оваа уредба и Прирачникот за внатрешни постапки за работа од член 19 од оваа уредба;
- проверува дека настанатите трошоци се направени во согласност со правилата на Европската Унија за имплементација на ИПА III помошта и дека опремата, услугите и градежните работите се испорачани во согласност со потпишаните договори;
- доставува барање за средства за делот на ИПА и потребното национално кофинансирање до Сметководственото тело, ги авторизира и врши плаќања и поврат на средства кон и од ИПА III примателите и крајните корисници;
- применува сметководствен систем заснован на пресметковна основа, евидентирање и чување, во електронска форма, на точна, целосна и соодветна сметководствена евиденција за секоја ИПА III програма;
- ги известува Телата за управување за извршувањето на задачите кои му се делегирани и за спроведувањето на договорите од ИПА III програмите;
- го следи спроведувањето на договорите и ги известува Телата за управување, НАО и Секретаријатот на НИПАК;
- ги одобрува резултатите и активностите на проектот по добивање на одобрување од Телата за управување и Телото за посредување во управувањето со политики;
- учествува во изготвувањето на годишните и финалните извештаи за спроведување за потребите на Секретаријатот на НИПАК;
- обезбедува информации и докази заради постоење на ревизорска трага;
- презема мерки за борба против измама и ги известува НАО и Телото за управување за откриени неправилности;
- доставува до раководителите на Телата за управување, Годишна изјава за управување и контролна листа за самопроценка, најдоцна до 10 јануари секоја година;
- објавува информации за примателите на ИПА III помошта.

(4) Телото за посредување во финансиското управување во целост треба да ги почитува и спроведува договорите од член 18 од оваа уредба и прирачниците за внатрешни постапки за работа од член 19 од оваа уредба.

(5) Со Телото за посредување во финансиското управување раководи раководителот на структурата од ставот (2) на овој член. Раководителот на Телото за посредување во финансиското управување особено е одговорен да:

- обезбеди исполнување на обврските од ставовите (3) и (4) на овој член;

- обезбеди континуирано исполнување на барањата од член 6 став (1) од оваа уредба и да го известува Телото за управување, за промените во воспоставениот систем за внатрешна контрола;
- обезбеди спроведување на плановите за набавки воспоставени и договорени меѓу Телата за управување и Телото за посредување во финансиското управување;
- учествува во работата на Секторскиот комитет за следење;
- ги информира НАО, НИПАК и Телата за управување, согласно договорите од член 18 од оваа уредба и прирачниците за внатрешни постапки за работа од член 19 од оваа уредба.

Член 11

**Тела за посредување во управувањето на политики**

(1) Телата за посредување во управувањето со политики од член 3 став (1) точка ѓ) од оваа уредба се структури во рамките на субјектите во јавниот сектор кои спроведуваат работи поврзани со управување на секторските политики од ИПА III програмите кои се спроведуваат преку индиректно управување.

(2) Структурата формирана во Јавното претпријатие за државни патишта ги врши работите на Тело за посредување во управувањето со политики од областа на патниот сектор од програмите за транспорт.

(3) Структурата формирана во Јавното претпријатие Железници на Република Северна Македонија - Инфраструктура ги врши работите на Тело за посредување во управувањето со политики од областа на железничкиот сектор од програмите за транспорт.

(4) Телата за посредување во управувањето со политики особено се одговорни да:
- учествуваат во подготовката на програмата(ите) и нејзините измени, обрасците за идентификација на проекти и да подготват апликација за големи проекти;
- учествуваат во подготовката на планот за набавки, подготовката на техничка и тендерска документација на проектите, ја почитуваат временската рамка за спроведување на постапките за набавки утврдени со Планот за набавки;
- обезбедуваат административна/техничка поддршка на Телото за управување и на Телото за посредување во финансиското управување во техничките аспекти, а особено за време на фазата на споведување на јавни набавки, склучување договори и при спроведувањето на проектите;
- ги потврдуваат и одобруваат резултатите од проектните активности и вршат проверка на лице место на спроведувањето на проектните активности;
- ги известуваат Телото за управување и Телото за посредување во финансиското управување, за техничкиот напредок на програмата и проектите и учествуваат во подготовката на годишните и финалните извештаи за спроведување;
- обезбедуваат одржливост на проектите индиректно управувани во рамките на ИПА III согласно барањата од член 21 од оваа уредба и го известува Телото за управување за одржливоста;
- преземат мерки за борба против измама, земајќи ги предвид идентификуваните ризици, го известуваат НАО за откриени неправилности и доставуваат копија до Телото за управување;
- обезбедуваат усогласеност со барањата за информации, јавност, транспарентност и комуникација на Европската Унија;
- обезбедуваат достапност на информации и докази заради постоење на ревизорска трага;

- доставуваат Годишна изјава за управување и контролна листа за самопроценка до раководителот на Телото за управување, најдоцна до 10 јануари секоја година.

(5) Телата за посредување во управувањето со политики во рамките на своите задачи и активности треба да ги почитуваат договорите од член 18 од оваа уредба и прирачниците за внатрешни постапки за работа од член 19 од оваа уредба.

(6) Раководителите на Телата за посредување во управувањето со политики од ставовите (2) и (3) на овој член е назначен од раководното лице на органот во чии рамки е воспоставено Телото за посредување во управувањето со политики. Раководителите на Телата за посредување во управувањето со политики се особено одговорни да:

- обезбедат исполнување на работите од ставовите (4) и (5) на овој член;
- обезбедат дека Телото за посредување во управувањето со политики континуирано ги исполнува барањата од член 6 став (1) и да го известат Телото за управување за промени во воспоставениот систем за внатрешна контрола;
- ги известуваат НАО, НИПАК и Телото за управување согласно договорите од член 18 од оваа уредба и Прирачникот за внатрешни постапки за работа од член 19 од оваа уредба.

Член 12
**ИПАРД Агенција**

(1) Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: ИПАРД Агенција), основана со Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, ги врши работите на Тело за посредување во финансиското управување од член 3 став (1) точка д) од оваа уредба, за ИПАРД III програмата.

(2) ИПАРД Агенцијата како Тело за посредување во финансиското управување ги врши следните работи за ИПАРД III програмата:

- објавува јавни повици за прибирање на апликации, ги објавува условите за прифатливост во договор со Телото за управување со ИПАРД, врши избор на проекти за финансирање преку ИПАРД III програмата и потпишува договори и/или нивни измени со одобрените ИПАРД корисници;
- доставува барање за средства до Сметководственото тело, ги одобрува исплатите и врши плаќања кон и поврат на средства од корисниците на ИПА III помошта;
- обезбедува дека декларираните трошоци се направени во согласност со критериумите од ИПАРД III програмата и врши контрола и проверка на мерките финансирани во рамките на ИПАРД III програмата;
- применува сметководствен систем заснован на пресметковна основа за евидентирање и чување, во електронска форма, на точна, целосна и соодветна сметководствена евиденција за ИПАРД III програмата;
- ги известува НАО, НИПАК и Телото за управување со ИПАРД за напредокот на спроведувањето на проектите финансирани од ИПАРД III програмата;
- учествува во изготвувањето на годишните и финалните извештаи за спроведување;
- обезбедува информации и докази заради постоење на ревизорска трага;
- презема мерки за борба против измама и го известува НАО за откриени неправилности;
- доставува до НАО Годишна изјава за управување и контролна листа за самопроценка, најдоцна до 15 јануари секоја година;
- континуирано ги исполнува барањата од член 6 став (1) од оваа уредба и го известува НАО за промените во воспоставениот систем за внатрешна контрола;

- обезбедува усогласеност со барањата за информации, јавност, транспарентност и комуникација на Европската комисија.

(3) ИПАРД Агенцијата треба да ги почитува договорите од член 18 од оваа уредба и прирачниците за внатрешни постапки за работа од член 19 од оваа уредба.

(4) Директорот на ИПАРД Агенцијата е особено одговорен да:

- обезбеди исполнување на работите од ставовите (2), (3) и(4) од овој член;

- обезбеди дека ИПАРД Агенцијата континуирано ги исполнува барањата од член 6 став (1) од оваа уредба и го известува НАО за промени во воспоставениот систем за внатрешна контрола;

- учествува во Секторскиот комитет за следење на ИПАРД.

Член 13

**Краен корисник**

(1) Краен корисник е секоја институција што е примач на материјални и/или нематеријални средства во рамките на договорите финансирани во рамките на ИПА III програмите, со исклучок на крајните корисници од ИПАРД III програмата и ги користи средствата за целите утврдени со тој договор.

(2) Крајниот корисник ги почитува упатствата дадени од Телата за управување за исполнување на неговите обврски во однос на програмирањето, набавката, спроведувањето и одржливоста на договорите за проектите финансирани во рамките на ИПА III.

(3) Крајниот корисник има целосна одговорност за одржливоста на резултатите од проектите финансирани во рамките на ИПА III програмите, согласно Упатството за одржливост на проектите.

(4) Крајниот корисник го известува Телото за управување еднаш годишно, најдоцна до 15 декември за тековната употреба на материјалните и/или нематеријалните средства и нивно тековно одржување согласно Упатството за одржливост на проектите.

(5) Крајниот корисник веднаш го известува Телото за управување за промените кои влијаат или може да влијаат на одржливоста на проектите финансирани во рамките на ИПА III програмите.

(6) Во случај на неисполнување на барањата за одржливост на материјалните и/или нематеријалните средства кои биле резултат на договорите финансирани во рамките на ИПА III програмите, крајниот корисник обезбедува средства за поврат од својот буџет.

Член 14

**Заштита на финансиските интереси на Европската Унија**

(1) Структурите и органите за индиректно управување со ИПА III од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба и АФКОС воспоставуваат систем за спречување, откривање и известување на неправилности и измами.

(2) НАО при извршување на работите за обезбедување на истрага и третман на сомнителни случаи на неправилности, измами, корупција и судир на интереси соработува со АФКОС.

(3) НАО во соработка со АФКОС воспоставува мерки за борба против измама земајќи ги предвид идентификуваните ризици при спроведувањето на помошта од ИПА III.

(4) Телото за посредување во финансиското управување и ИПАРД Агенцијата вршат поврат на средствата од примателот на ИПА III помошта во случај на грешка или неправилност со финансиски последици предизвикани од примателот. Повратените средства од примателот на ИПА III помошта ги уплатуваат на сметките на Сметководственото тело.

(5) Раководното лице на органот краен корисник на ИПА III помошта одговорен за техничко спроведување на ИПА III програмите во кој настанала грешката или неправилноста врши поврат на средства од буџет на органот.

(6) НАО ја има крајната одговорност за обезбедување поврат на средствата на сметките на Европската комисија согласно Рамковната спогодба за финансиско партнерство и Секторската спогодба.

(7) НАО може да изврши финансиски корекции со суспендирање на целата или на дел од финансиската помош од Европската Унија во случај на грешка или неправилност со финансиско влијание.

(8) НАО ја известува Европската комисија и АФКОС за сите случаи на неправилности и сомнежи за измама кои се предмет на административни или судски постапки, како и за текот на постапките во согласност со Рамковната спогодба за финансиско партнерство.

Член 15
**Комитет за следење**

(1) ИПА Комитетот за следење е тело одговорно за следење на спроведувањето на ИПА помошта и ги врши работите согласно Рамковната спогодба за финансиско партнерство.

(2) Со Комитетот од став (1) на овој член заеднички претседаваат претставниците на Европската комисија и НИПАК. Секретаријатот на НИПАК ги врши работите на Секретаријат на Комитет за следење на ИПА и ги подготвува и доставува материјалите кои се усвојуваат и разгледуваат на состаноците на Комитетот за следење на ИПА во соработка со Телата за управување.

(3) НИПАК подготвува деловник за работа на Комитетот за следење на ИПА во соработка со Европската комисија, кој се одобрува од Комитетот за следење на ИПА.

(4) Телата за управување во соработка со НИПАК воспоставуваат секторски комитети за следење на годишните и повеќегодишните програми индиректно управувани во рамките на ИПА III во согласност со Рамковната спогодба за финансиско партнерство, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на првата Спогодба за финансирање. Секторскиот комитет за следење ги врши работите согласно Рамковната спогодба за финансиско партнерство, Секторската спогодба и спогодбите за финансирање.

(5) Телата за управување во соработка со НИПАК, Телото за посредување во финансиско управување и Телата за посредување во управување со политики и Европската комисија подготвуваат деловник за работа на Секторските комитети за следење од став (4) на овој член, кој се одобрува од секторските комитети за следење.

(6) НИПАК во соработка со Телата за управување, Телото за посредување во финансиско управување и Телата за посредување во управување со политики подготвува годишен план за одржување на секторските комитети за следење со индикативен календар на состаноците кои треба да се одржат во текот на годината.

(7) Телата за управување ги вршат работите на Секретаријат на Секторските комитети за следење и ги подготвуваат и доставуваат материјалите кои се усвојуваат и разгледуваат на состаноците на Секторските комитети за следење.

(8) Комитетот за следење на ИПАРД за ИПАРД III програмата во областа на земјоделството и руралниот развој се воспоставува од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Телото за управување со ИПАРД ги врши работите на Секретаријат на Комитетот за следење на ИПАРД III, ги подготвува и доставува сите материјали усвоени, односно разгледани на состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД III и се грижи за навремено спроведување на насоките и одлуките кои произлегуваат од работата на Комитетот за следење на ИПАРД III.

(9) Раководителот на Телото за управување за ИПАРД подготвува деловник за работа на Комитетот за следење на ИПАРД III од став (8) на овој член во соработка со Европската комисија. Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД III е предмет на одобрување од Комитетот за следење на ИПАРД III.

(10) Заради соодветно функционирање на Комитетите за следење, Управувачката структура, Телата за управување и Телото за посредување во финансиско управување и Телата за посредување во управување со политики обезбедуваат податоци и извештаи за спроведување на помошта од ИПА III.

Член 16
**Контрола и ревизија**

(1) Структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба се предмет на контрола и ревизија од страна на Европската комисија, ОЛАФ и Европскиот суд на ревизори.

(2) Структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба се предмет на ревизија од страна на Ревизорското тело.

(3) Структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба се предмет на супервизија од страна на НАО.

(4) Структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба преземаат мерки за исполнување на препораките за надминување на недостатоците утврдени со контролата и ревизијата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

(5) Структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба и АФКОС обезбедуваат информации и документи и ги подржуваат органите од ставовите (1), (2) и (3) од овој член во спроведувањето на контролата и ревизијата.

Член 17
**Внатрешна ревизија**

(1) Структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба се предмет на внатрешна ревизија согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

(2) Раководното лице на органот обезбедува внатрешна ревизија на структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III наведени во член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба, воспоставени во органот и обезбедува капацитети на внатрешната ревизија во рамките на органот заради спроведување на внатрешна ревизија согласно барањата на ИПА III.

(3) Внатрешната ревизија на структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III се спроведува најмалку еднаш годишно согласно годишниот план за ревизија одобрен од раководното лице на органот од став (2) на овој член.

(4) НИПАК, НАО, раководителите на Управувачката структура, Телата за управување, Телата за посредување и раководното лице на органот во чии рамки се воспоставени структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба треба да ги спроведат препораките и да ги надминат недостатоците утврдени од внатрешната ревизија.

(5) Раководителите на Телата за управување, со исклучок на Телото за управување со ИПАРД, го известуваат НАО за спроведувањето на препораките и надминувањето на недостатоците утврдени од внатрешната ревизија спроведена во рамките на Телата за управување и Телата за посредување.

(6) Раководителите на Телото за посредување во финансиско управување и Телата за посредување во управување со политики ги известуваат раководителите на Телата за управување за спроведувањето на препораките и надминувањето на недостатоците утврдени од внатрешната ревизија.

(7) Раководителите на Управувачката структура и Телото за управување со ИПАРД, директорот на ИПАРД Агенцијата и НИПАК го известуваат НАО за спроведувањето на препораките и надминувањето на недостатоците утврдени од внатрешната ревизија.

Член 18
**Меѓуинституционални договори**

(1) Структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба ги уредуваат меѓусебните права и обврски, начинот на постапување и оперативните аспекти на спроведувањето на ИПА III програмите кои се управуваат индиректно со склучување на меѓуинституционални договори.

(2) Меѓуинституционалниот договор од став (1) на овој член за програмите за транспорт и животна средина се склучува меѓу НАО, НИПАК, Телата за управување од член 8 од оваа уредба, Телото за посредување во финансиското управување од член 10 од оваа уредба, Телата за посредување во управувањето со политики од член 11 од оваа уредба и раководното лице на органот во чии рамки се воспоставени структурите од членовите 5, 8, 10 и 11 од оваа уредба.

(3) За спроведувањето на ИПАРД Програмата, НАО и Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата склучуваат договори со кои се уредуваат, правата, обврските и начинот на постапување на засегнатите структури и органи.

Член 19
**Прирачници за внатрешни постапки за работа**

(1) Структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба подготовуваат прирачници за внатрешни постапки за работа каде се опишуваат подетално постапките за извршување на своите функции и одговорности.

(2) НАО е одговорен за подготовка на прирачник за хоризонтални постапки за работа кој подеднакво се применува од структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III од членовите 4, 5, 7, 8, 10 и 11 од оваа уредба.

(3) Прирачникот за внатрешни постапки за работа на структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III од член 3 став (1) и став (2) на оваа уредба треба да биде донесен од раководното лице на органот во чии рамки се воспоставени структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба, пред да биде одобрен од НАО.

(4) Прирачникот за внатрешни постапки за работа на Телото за посредување во финансиско управување и Телата за посредување во управувањето со политики од членовите 10 и 11 од оваа уредба треба да биде донесен од раководителите на Телата за управување од член 8 од оваа уредба, пред да биде одобрен од НАО.

Член 20
**Административни капацитети на структурите и органите за индиректно управување со ИПА III помошта**

(1) Раководното лице на органот во чии рамки се воспоставени структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба, треба да обезбеди оптимален број на вработени потребни за извршување на

задачите доделени на структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба во согласност со барањата од член 6 став (1) од оваа уредба.

(2) Секретаријатот на НИПАК, Управувачката структура, Телата за управување, Телото за посредување во финансиско управување, Телата за посредување во управувањето со политики, Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата подготвуваат анализа на обем на работа во која се прикажува оптималниот број на вработени потребни за извршување на нивните задачи и одговорности во согласност со барањата на ИПА III.

(3) Секретаријатот на НИПАК, Управувачката структура, Телата за управување, Телото за посредување во финансиско управување, Телата за посредување во управувањето со политики, Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата ја доставуваат до НАО анализата на обемот на работа и планот за замена до 30 јуни секоја година. Телото за посредување во финансиско управување и Телата за посредување во управување со политики доставуваат копија од анализата на обем на работа до Телата за управување од член 8 од оваа уредба.

(4) НАО е одговорен за следење на административните капацитети на Секретаријатот на НИПАК, Управувачката структура, Телата за управување, Телото за посредување во финансиско управување, Телата за посредување во управувањето со политики, Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата и во случај на недостатоци во административните капацитети може да побара од нив план со корективни мерки.

(5) Секретаријатот на НИПАК, Телата за управување, Телото за посредување во финансиско управување, Телата за посредување во управувањето со политики, Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата го известуваат НАО за настанати промени на вработените, ново вработување, прераспределба или заминување на вработените.

Член 21

**Следење на одржливоста по завршувањето на договорот**

(1) Министерството за финансии, по првичното прифаќање на средствата од страна на Телото за посредување во финансиското управување, склучува договор со крајниот корисник за доделување на трајно користење на материјалните и нематеријалните средства стекнати во рамките на договорите финансирани од ИПА III програмите.

(2) НИПАК има целосна одговорност за следење и обезбедување на одржливост на резултатите и целите на програмите и проектите финансирани од ИПА III пред и по нивното завршување, во текот на периодот на одржливост од член 2 точка (15) од оваа уредба. За таа цел, НИПАК може да спроведе проверки на лице место кај крајните корисници и извештаите од спроведените проверки ги доставува до НАО.

(3) НАО воспоставува систем за обезбедување и следење на одржливоста на резултатите од програмите, проектите и договорите финансирани од ИПА III во текот на периодот на одржливост.

(4) НАО веднаш ја информира Европската комисија за промените кои можат или влијаат на одржливоста на резултатите од програмите и проектите финансирани од ИПА III, по предавањето на средствата на крајниот корисник во текот на периодот на одржливост.

(5) НАО донесува Упатство за одржливост на проектите, за регулирање на одговорностите на крајните корисници во однос на одржливоста на материјалните и нематеријалните средства во текот на периодот на одржливост, постапката во случај на прекршување на условите за одржливост, и наложува корективни мерки, вклучително и поврат на средства. НАО може да спроведе проверки на лице место на крајните корисници во текот на периодот на одржливост со цел да се потврди исполнувањето на условите за одржливост од договорот од ставот (1) на овој член и доставува извештаи од спроведените проверки до НИПАК.

(6) Телата за управување имаат одговорност да ја следат и во соработка со крајниот корисник да ја обезбедат одржливоста на резултатите и целите во текот на периодот на одржливост. Телата за управување спроведуваат проверки на лице место на материјалните и нематеријалните средства, најмалку еднаш во текот на периодот на одржливост, но најдоцна пред НАО да ја достави конечната изјава за трошоци до Европската комисија и за тоа ги известуваат НАО и НИПАК.

(7) Телата за управување веднаш ги известуваат НАО и НИПАК за промените кои можат да или влијаат на одржливоста на резултатите од проектите финансирани од ИПА III, по трансферот на материјалните и нематеријалните средствата на крајниот корисник во тек на периодот на одржливост.

(8) НИПАК, НАО и Телата за управување доставуваат извештаи до крајниот корисник за спроведените проверки на лице место за следење на одржливоста на програмите и проектите. Во случај на констатирани слабости, предлагаат корективни мерки на крајниот корисник и рок за нивно спроведување.

(9) За целите на ревизија и контрола, крајниот корисник е одговорен за обезбедување на информации и документи и пристап до материјалните и нематеријалните средства финансирани во рамките на програмите ИПА III, на претставниците на НИПАК, НАО, Телата за управување, Ревизорското тело, АФКОС, Европска комисија, ОЛАФ и Европскиот суд на ревизори.

(10) Крајниот корисник треба да обезбеди дека препораките дадени при проверките и ревизиите од страна на НИПАК, НАО, Телатао за управување, Ревизорското тело, АФКОС, Европска комисија, ОЛАФ и Европскиот суд на ревизори, се навремено, соодветно планирани, спроведени, следени и пријавени.

(11) Во случај на неисполнување на условите за одржливост во текот на периодот на одржливост од страна на крајниот корисник, освен за корисниците на ИПАРД помошта, НАО може да донесе одлука за поврат на финансиски средства од крајниот корисник.

Член 22
**Размена на информации**

Структурите и органите одговорни за индиректно управување со ИПА III од член 3 став (1) и став (2) од оваа уредба треба да обезбедат ефективен систем за размена на информации и електронско внесување податоци во рамките на електронските системи за размена на информации.

Член 23
**Овластувања**

Структурите и органите одговорни за индиректно управување со финансиската помош од ИПА III воспоставени во рамките на Министерството за финансии ги извршуваат своите функции и одговорности во рамките на овластувањата од министерот за финансии.

(2) Структурите и органите одговорни за индиректно управување со финансиската помош од ИПА III воспоставени во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ги извршуваат своите функции и одговорности во рамките на овластувањата од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) Телата за управување, Телото за посредување во финансиско управување и Телата за посредување во управувањето со политики од членовите 8 и 11 од оваа уредба, ги извршуваат своите функции и одговорности во рамките на овластувањата од раководното лице на органот каде се воспоставени.

Член 24
**Завршна одредба**

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2223/8
18 април 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.